Македонија ◇ Слајдер

# ЗНМ: Нападнати новинари, повреден снимател од ТВ Алсат, МВР итно да реагира

21/08/2023 16:34

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) бара од Министерството за внатрешни работи спроведе брза и ефикасна истрага за денешниот напад кон нашите колеги од ТВ Алсат, Скопје.

„Имено, денеска за време на снимањето инсерти за промо на емисија во Скопската чаршија на јав површина, нападнати се снимател и новинарките Ера Ѓакова и Сара Хоџа од страна на сопственик берберница во скопската чаршија", велат од ЗНМ.

„Според изјавите на нашите колеги, додека снимале инсерти во чаршијата за потребите на емиси од еден од дуќаните излегол сопственикот, бербер со ножици и им се обратил со вербални навре, закани по живот, при што на снимателот му нанел видливи повреди на главата.

При физичкиот напад била оштетена и опремата на снимателот. ЗНМ веднаш контактира новинарката од Алсат, Ера Ѓакова која беше видно вознемирена ни го потврди инцидентот и ни да конкретни информации дека: Екипата со која снимале на терен била нападната без причина од ст на непознато лице, ситуацијата била непредвидлива и многу вознемирувачка, особено за нападнатиот снимател а и за колешката Сара Хоџа на која ова не и е прв пат да биде нападната, "лицето по нападот се врати во дуќанот а потоа повторно илезе, но кога виде дека веќе се собраа минувачи да помогнат а и дека е повикана полициска екипа се упати во непознат правец ".

ЗНМ бара од Министерството за внатрешни работи да спроведе брза и ефикасна истрага во инте на пронаоѓање и санкционирање на напаѓачот.

Потенцираме дека заканите по живот се кривични дела предвидени во Кривичниот законик а МВ ОЈО, треба итно да ги истражат и процесираат со цел да ги казнат оние кои го прекршуваат закон и да превенираат евентуални вакви кривични дела во иднина", стои во соопштението на ЗНМ.

ЗНМ МВР НАПАДНАТИ НОВИНАРИ

**СПОДЕЛИ**

## СЛИЧНИ СОДРЖИНИ

**Партијата на Георгиевски бара осудените за „27 април" да влезат...**
15/09/2023 11:05

**Разбојници влегле во поранешна млекарница и украле повеќе предмети**
15/09/2023 10:49

**Објавен јавниот повик за распределба на 62 станови н социјалната...**
15/09/2023 10:42

FACEBOOK TWITTER INSTAGRAM

Импресум Маркетинг За нас

© Авторски права 2023 - Сите права се задржани. Дизајн & Хостинг